РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2338/3
10-04-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по доставено Барање на мислење од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст ДКСК) на 84 – та седница одржана на 31.03.2023 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

Постапката за давање на Мислење согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси заведена под бр. 09-2338/1 од 29.06.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК побара допрецизирање на поставеното прашање од страна на ------, но лицето не врати одговор, по што ДКСК нема елементи за наделжно постапување.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-2338/1 од 29.06.2021 година е оформен по доставена Барање на мислење по електронска пошта од лицето ------- во врска со евентуален судир на интереси кога лица од ИАРМ се ангажирани како оценувачи при оценка на инспекциско тело (приватно ангажирање), а потоа таа нивна завршена работа треба само да ја потврдат и преточат по теркот на нов Правилник воведен кај работодавецот (државна администрација) каде што и истите се вработени.

ДКСК побара од лицето допрецизирање на барањето за мислење преку електронска пошта на ден 02.07.2021 година, во однос на тоа, дали лицата се вработени во ИАРМ, на кое работно место, на кој начин се ангажирани како оценувачи, каков правилник се изработува и кој треба да го изработи и што значи тоа инспекциско тело МКС EN ISO/IEC 17020:2012.

Од страна на барателот на мислењето нема повратен одговор и има поминато подолг временски период, по што се запира постапувањето по овој предмет бидејќи ДКСК не е во

можност да издаде Мислење согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено на седницата одржана на ден 31.03.2023 година , Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК